# Краткорочен и долгорочен план за обука за имплементација на Натура 2000

Градење на капацитетите на заштитените подрачја во Македонија

# Содржина

Содржина .................... 2
1. Резиме .................... 3
2. Основни информации за ажурирање на плановите за обука .................... 5
3. Работна средина што брзо се менува .................... 8
4. Важни предуслови за успешно градење на капацитетите .................... 10
5. Препораки за технички аспекти на имплементација .................... 14
6. Цели на овој план за обука .................... 16
7. Две главни подрачја .................... 17
A) Спроведување на Директивите за живеалишта и птици .................... 17
B) Инвентаризација, мониторинг и планирање на управувањето на заштитените подрачја и на подрачјата на Натура 2000 .................... 23

# 1. Резиме

Овој План за обука дава насоки за тоа како може да се зајакнат капацитетите на човечките ресурси во институциите за заштита на природата, другите релевантни организации и чинители, за да се надминат предизвиците наметнати од брзите промени на работната средина, особено во однос на усвојувањето на барањата на ЕУ Директивите за живеалишта и птици. Овој План за обука се однесува на периодот за три до пет години, но вклучува и краткорочни препораки, кои го покриваат периодот на имплементација на Твининг проектот, до август 2019 година. Притоа, накратко е презентиран и претходниот План за обука од 2016 година.

Планот е заснован на следниве претпоставки: 1) Пристапниот процес и имплементацијата на законодавството и стандардите на ЕУ ја зголемуваат потребата од релевантни податоци за биодиверзитет и утврдуваат нови цели за управување и корисење на заштитените подрачја. 2) Обемот на работа, како и ресурсите, во заштитата на придодата значително ќе се зголемат пред пристапувањето во ЕУ. Надлежно експертско тело (на пр. Агенција за заштита на природата) ќе ја преземе одговорноста за обуките и разработката на работните методи. 3) Ќе произлезат нови можности за финансирање, од кои дел ќе бидат за другите сектори, како на пример, земјоделството и руралниот развој 4) Зголемениот туризам ќе стане предизвик за традиционалната улога на заштитените подрачја. 5) Интензивното користење на земјиштето и економските активности во и надвор од заштитеното подрачје создаваат нов вид на притисоци за заштитените подрачја. Од друга страна, Директивите на ЕУ нудат нови алатки за справување со ваквите ситуации. 6) Развивањето на ИТ системи и нови начини на комуникација значително ќе ја измани работата на администрацијата на заштитените подрачја.

Недостатокот на ресурси и експерти го отежнува градењето на капацитетите. Сепак, постојат можности да се развијат активности за обука, уште во оваа фаза, преку назначување на одговорни лица во сите единици, интензивирање на координацијата за обука помеѓу одговорните институции и проектите, воспоставување на национален регистар, користење на меѓународни можности за обука, унапредување на соработката на хоризонтално ниво помеѓу администрациите и поттикнување на учество на сите заинтересирани страни.

За успешно спроведување на обуки е потребно внимателно планирање. Поради тоа, дадени се неколку препораки со цел да се олесни техничкиот аспект на подготовка на обуките.

Овој план за обука ги има следниве цели:

- Да се подготват вработените во ЗП, но и општеството како целина, за спроведување на барањата за членството во ЕУ, новите задачи, надлежности и можности за заштита на природата, како резултат на промените во законодавството и практиките, како и да се зголеми свеста за ваквите промени помеѓу целните групи.
- Да се зајакне пристапот на взаемно учење со сите засегнати страни и да се изгради взаемно разбирање и посветеност кон заштитата на природата.

Фокусот на овој план е на следниве две теми:

а) Спроведување на Директивите за живеалишта и птици

б) Инвентаризација, мониторинг и планирање на управувањето со заштитените подрачја и подрачјата на Натура 2000

Овој план опфаќа вкупно 41 тема за обука или модули, групирани според две подрачја, презентирани во табелите на крајот од текстот. Планот, исто така, опфаќа и различни технички и општи теми за обука претставени во претходните планови за обука, кои се сѐуште релевантни за имплементација. Покрај тоа, се нагласува дека организаторите треба да бидат отворени за нови потреби и идеи кои ќе произлезат за време на спроведувањето на овој план.

# 2. Основни информации за ажурирање на плановите за обука

Градењето на капацитетите на лицата кои работат на прашања од областа на заштитата на природата, како на пример имплементацијата на ЕУ Директивите за живеалишта и птици, е нешто што повеќепати било предмет на обука во рамките на претходните проекти. Во 2016-17 ЕУ Проектот "Зајакнување на капацитетите за спроведување на Натура 2000" подготви неколку одлични извештаи и планови за активностите за обуки:

- Извештај за проценка на потребите за обука
- План за зајакнување на административните капацитети за спроведување на Натура 2000 на централно и локално ниво со програма за обука
- План за обука за краткорочни обуки
- План за обука за долгорочни обуки
- Програми за обука за заштита на природата според Натура 2000 и имплементација на краткорочен план за обука

Покрај тоа, проектот објави голем број на материјали кои биле користени на работилниците, како и програми за обука од настани што се одржале за време на проектот. Целиот овој материјал е добра основа за понатамошно планирање и спроведување на активностите за градење на капацитети.

Во овој проект, еден од очекуваните резултати е да се ажурираат краткорочните и долгорочните планови за обука и да се организираат поголем број на обуки на неколку теми (Активност 4.3 во планот за работа на Проектот). Овој документ ги опфаќа краткорочните и долгорочните обуки. Идеата е краткорочните обуки да се спроведат во пилот-подрачјата од страна на Твининг проектот до август 2019 година. Кај долгорочните обуки опсегот е поширок и најмногу насочен кон заштитените подрачја. Генерално, овој план за обука е предлог како македонската заедница за заштита на природата може да промовира градење на капацитетите во рамките на својата администрација и да поттикне проширување на знаењето помеѓу другите администрации и засегнати страни во спроведувањето на мерките за заштита на природата, особено во врска со примената на Директивите за живеалишта и птици.

Генерално, долгорочниот план за обука го опфаќа периодот од 3-5 наредни години. За жал, законодавството во областа на заштитата на природата и состојбата со ресурсите треба толку многу да се промени, што од денешна перспектива скоро е неможно да се рече какви ќе бидат потребите и начинот на спроведување на обуките за во иднина.

"Планот за долгорочни обуки" објавен во декември 2016 година ги опфаќа сите релевантни теми кои сѐуште може да се сметаат за значајни. Темите се групирани во четири подрачја: раководно ниво, техничко ниво (ниво на знаења), други вештини и локално ниво. Опишани се предложената содржина, засегнатите страни (целни групи) и степенот на обука, а направена и и приоритетна листа за секоја тема.

Во понатамошниот текст се прави споредба на одредени видувања од планот за 2016 година

од Проектот "Зајакнување на капацитетите за имплементација на Натура 2000" (наречен "претходниот проект") со работата на овој Твининг проект и изготвувањето на овој План за обука ("овој план "):

- Фокусот на претходниот проект беше спроведувањето на Директивите за живеалишта и птици во Македонија на национално ниво, додека овој проект повеќе се фокусира на локално ниво. Овој проект работи на практични прашања, како што се инвентаризација и мониторинг, планирање на управувањето и студии за валоризација на вредностите на природата, како и вклучување на засегнатите страни и заедничко управување со НП Пелистер и СП Преспанско Езеро.
- Во претходниот план акцент се ставаше на прашања поврзани со управувањето и административни прашања (општи вештини), додека во овој план голем број на теми посветени на деталните потреби за практично спроведеување на мерките за управување
- Во овој извештај се презентираат нови перспективи, согласно со најновите текови и разговорите направени со засегнатите страни на локално ниво
- Поголем број од темите од претходниот проект се опфатени и во овој План, но некои од нив се комбинирани, а променети се и одредени приоритети. Само неколку се испуштени, односно одложени за подоцна.
- Проценката на трошоците од претходниот проект е сѐуште валидна. Така, еден ден обука приближно чини во просек 100 евра по учесник. Во случај обуката да трае два дена, цената би била повисока, околу 150 евра по учесник дневно. Сите овие проценки претпоставуваат внимателна подготовка за конкретната работилница, семинар, обука итн.

Во претходниот план за обука беа идентификувани неколку теми за обука, поврзани со „техничките вештини“, или општите вештини за работа во ЗП. Овие предлози се сѐуште релевантни но, не се повторуваат во овој план. Тие се однесува на следниве вештини:

- Вештини на управување
- Градење на тим и доверба
- Преговарање и управување со конфликти
- Партиципативен пристап, вклучување на засегнатите страни
- Организирање на јавни расправи
- Организирање на патувања на терен
- Управување со човечките ресурси
- Управување со проекти и процеси
- Процес на повеќе засегнати страни (отворен пристап)
- Стратешко планирање и креирање на визија
- Лобирање
- Издавање брошури и други печатени материјали

Дополнително, во долгорочниот план за обука се предложени неколку обуки кои се однесуваат на општата подготвеност за работа во секаков вид на организација. Повторно, овие предлози се сѐуште релевантни, но не се повторуваат во овој план:

- Комуникација
- Вмрежување
- Ефективни состаноци и семинари
- Презентации
- Активности со медиумите и односи со јавноста
- Работа во и со социјалните медиуми
- Дизајнирање на ефективни кампањи, организирање на конкретни настани
- Јазици
- Финансиски инструменти
- Примена на проекти и логичка рамка
- Компјутерски и софтверски вештини
- Управување со времето

Во изминативе две години, во рамките на Проектот се собирени голем број на инфомации за пилот подрачјата – Национален парк Пелистер и Споменикот на природа Преспанското Езеро, така што сега има повеќе достапни податоци за биодиверзитетот и практиките на управување за овие заштитени подрачја. Зголемените контакти со локалните засегнати страни, исто така отворија нови гледишта за унапредување на пилот подрачјата. Затоа, овој план дава повеќе акцент на темите поврзани со биодиверзитетот, ставајќи фо во фокус локалното ниво и потребите на различни целни групи при градењето на капацитетите.

## 3. Работна средина што брзо се менува

Во изминатите две години потребите за обука можеби сосема малку се измениле, но сепак најважните барање се сѐуште непроменети. Во овој план за обука основната идеа е да се направат подготовки за промените кои набрзо ќе следуваат, а кои главно се однесуваат на пристапниот процес и спроведувањето на барањата од ЕУ регулативите и директивите.

Визијата за идната работна средина може да биде накратко прикажана на следниот начин:

- Пристапниот процес и имплементацијата на законодавството и стандардите на ЕУ ја зголемуваат потребата од релевантни податоци за биодиверзитет и утврдуваат нови цели за управување и корисење на заштитените подрачја.
- Обемот на работа, како и ресурсите, во заштитата на придодата значително ќе се зголемат пред пристапувањето во ЕУ. Надлежно експертско тело (на пр. Агенција за заштита на природата) треба да ја преземе одговорноста за обуките и разработката на работните методи.
- Ќе произлезат нови можности за финансирање, од кои дел ќе бидат наменети за другите сектори, како на пример, земјоделството и руралниот развој.
- Зголемениот туризам ќе стане предизвик за традиционалната улога на заштитените подрачја.
- Интензивното користење на земјиштето и економските активности во и надвор од заштитеното подрачје создаваат нов вид на притисоци за заштитените подрачја. Од друга страна, Директивите на ЕУ нудат нови алатки за справување со ваквите ситуации.
- Развивањето на ИТ системи и новите начини на комуникација значително ја менуваат работата на администрацијата на заштитените подрачја.

Визијата ги опишува предизвиците и можностите за во блиска иднина. Таа дава цврста поддршка за тоа дека и одговорните лица и засегнатите страни кои работат во областа на заштитата на природата треба да имаат повеќе информации за тоа што се очекува. Институциите треба да се подготвени да се носат со промените на работните услови и новите барања, од кои некои ќе бидат и навистина позначајни и од поголем обем. Овој план дава предлог како треба да се градат капацитетите на администрацијата и засегнатите страни, за да се справат со предизвиците.

Во Македонија, унапредувањето на заштитата на природата има потреба од значителна поддршка, како на национално, така и на локално ниво. Особено силна поддршка е потребна од страна на носителите на одлуки и од заедницата. Оваа поддршка ќе биде најпотребна кога ќе се наиде на најголемите предизвици, како што се: ревизија на Законот за заштита на природата, спроведувањето на Директивите за живеалишта и птици, како и воспоставувањето на мрежата на Натура 2000.

Еден од водечките принципи во Проектот е спроведувањето на таканаречен „отворен пристап“ во работата со администрацијата на заштитените подрачја и практичното управување. Оваа

гледиште е дел од модерните методи за заштита на природата, поради што е и нагласен во Планот за вклучување/учество на засегнатите страни, подготвен од страна на Проектот. Идеата за овој пристап е образложена во Планот за вклучување  на засегнатите страни, па затоа и не се повторува тука. Сепак, накратко, идеата на отворениот пристап е дека при зголемување на контактите и комуникацијата со засегнатите страни почнуваат да се забележуваат мали промени во ставовите на администрацијата, но и меѓу засегнатите страни. Со тоа се намалува бариерата помеѓу посетителите и засегнатите страни од една страна и заштитените подрачја и нивните вработени од друга страна.  Доколу оваа врска успешно се воспостави тоа ќе придонесе до поголемо прифаќање на националните паркови и другите заштитени подрачја, но и ќе се олесни креирањето на мрежата на Натура 2000 во земјата. Се смета дека со зголемување на прифаќањето, ќе се зголемат и начините за надминување на предизвиците. Овој процес на постепени промени со прифаќање на Отворен пристап во администрацијата може да се опише на следниов начин:

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНТАКТИ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

ПОДОБРА СОРАБОТКА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО И УПРАВУВАЊЕТО СО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

ЗГОЛЕМЕНА ПРИФАТЕНОСТ ВО ОПШТЕСТВОТО

ПОДДРШКА ЗА УПРАВУВАЊЕ И РАЗВИВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

Националниот парк Пелистер и Споменикот на природата Преспанското Езеро се едни од најважните природни и културни наследства во Македонија. Тие се избраните пилот подрачја во овој Проект, а нивното успешно развивање може да биде основа за непречено унапредување на заштитата во природата во целата земја.

# 4. Важни предуслови за успешно градење на капацитетите

Во овој дел се презентирани одредени предуслови за организирање на успешни обуки. Во моментов изгледа има две нешта кои го попречуваат развојот на градењето на капацитетите во земјата: 1) недостаток на ресурси за обука (финансиски, институционални, човечки). што го отежнува спроведувањето на идеите и програмите за обука и 2) недостаток на достапни експерти кои имаат знаење и волја да работат како обучувачи или презентери на некоја тема од новата област, т.е директивите и новите методи.

Независно од тие проблеми, секогаш може да се изнајдат можности за да се продолжи и напредува во започнатата работа. Меѓу другото, како високо делотворни методи се сметаат осознавањето на значењето на градењето на капацитети – на пр. преку разграничување на надлежностите, и понатамошно користење на идни пректи и надворешно финансирање. Во продолжение се дадени неколку корисни предлози:

<u>Да се разграничат надлежностите за планирање и спроведување на обуките во институциите, секторите и единиците.</u> Препорачливо е да постои едно лице кое ќе го именува раководителот на секоја институција, а кое ќе биде одговорно за обуките. Тоа лице ќе биде задолжено за:

- Промовирање на обуки во организацијата
- Собирање на потреби и идеи за обуки и подготовка на годишни и други планови за обука на персоналот
- Следење на обуки од други организатори
- Барање можности за финансирање на обуките
- Организирање на обуки
- Редовно информирање на вработените за можностите за обука во и надвор од организацијата
- Координирање на сите активности за градење на капацитети со другите чинители
- Водење на регистар на обуки на кои присуствува секое лице што работи во организацијата и изготвување на годишни извештаи (подоцна и зачувување на информациите во националниот регистар, откако истиот ќе се воспостави)

Во секоја институција за заштита на природата, без разлика на нејзината големина и бројот на вработени, треба да се назначи едно лице (но не работно место со полно работно време) кое ќе ги извршува овие задачи.

Во претходниот проект за Натура 2000 беше изработен извештај „План за зајакнување на административните капацитети за спроведување на Натура 2000 на централно и на локално ниво, со програма за обука.“ Еден од предлозите беше да се направи тим, надлежен за градење на капацитети во МЖСПП кој би го преземал водството за обуките и одговорноста за мерките за градење на капацитети во земјата. Тимот ќе биде задолжен за редовно ажурирање на планот за обуки. Овој предлог е корисен и вреди повторно да се спомене и во овој документ.

<u>Повеќе акцент и ресурси за координација на обуки</u>. Во моментов во Македонија има неколку надворешно финансирани проекти кои промовираат активности за заштита на природата и спроведуваат обуки во земјава. Несомнено, некои теми на обука повремено се повторуваат во

различни проекти. Затоа, важно е да се направат напори да се заштедат оскудните ресурси преку подобрување на координацијата помеѓу проектите и различните чинители и да се поттикнат проектите да ја подигнат на повисоко ниво размената на податоци. Организаторите може слободно да применуваат некои свои идеи:

- Информациите за новите обуки за заштита на природата треба да бидат достапни на национално ниво во унифицирана форма на веб-страниците, на пр. на страницата на Натура 2000.
- Да се примени принципот на "отворени врати" (според реални можности) за секој да учествува во обуките за заштита на природата
- Да се поттикне координација помеѓу организаторите за темите, говорниците, времето и другите практични прашања. Понекогаш би можело да се одржат заеднички обуки со проектите.
- Да се развијат општи критериуми и модели за оценување на обуките, на пр. со онлајн формулар за евалуација, по можност поврзан со регистарот за обуки.

Да се направи национален регистар за обуки. Препорачливо е МЖСПП да воспостави национален регистер за обуки во областа на заштитата на природата, обучувачи и учесници. Во Министерството, лицето или тимот задолжен за обуки може да информира за престојните обуки во земјата и во странство. Ова може да се направи, на пр. на таканаречен "Прозорец за обука", веб-страница што ќе ја одржува Министерството. Во истиот регистар може да се собираат и повратните информации за обуките, кои би се внесувале на еднообразен формулар за евалуација. Со текот на годините, ќе се соберат доволно податоци кои ќе се користат за анализирање на потребите за обука, развој на обуки и подобрување на квалитетот на програмите.

Активно да се користат можностите за меѓународна обука. Меѓународни семинари, работилници, конференции и друго, на тема зачувување на природата се одржуваат постојано. На меѓународните форуми особено популарни се варијантите на темата „Спроведување на Директивите за живеалишта и птици“. Некои од овие обуки сигурно би биле од голема корист за вработените во заштитата на природата, не само поради зголемување на знаењата, туку и за вмрежување со колегите и подобрување на јазичните вештини. Голем број на организации со задоволство ги прифаќаат учесниците од Македонија, па дури и ги покриваат трошоците за пат и сместување. Се препорачува информациите за ваквите можности да се пренесат на лицата кои би можеле да бидат заинтересирани. По учеството, лицата треба задолжително да подготват извештај со кој ќе ги споделат искуствата и идеите со колегите од земјата. Извештајот може да се објави на Интернет.

Да се охрабрат заштитените подрачја да се приклучат кон меѓународни организации за заштита на природата. Меѓу другото, федерацијата Europark и Eurosite организираат многу настани за своите членови. Затоа, би било препорачливо да има и поактивни членови од Македонија. Тие организираат обуки на терен, состаноци на колегите и имаат специјални програми, на пр. за прекугранична соработка, туризм, управување со Натура подрачјата, планирањето на управување и програмата Junior Rangers. Во поново време тие организираат и вебинари, во кои за учество не е потребно патување. Неопходно е администрацијата на ЗП да има квалификувани кадри кои ќе бидат задолжени за следење и организирање на учеството на овие настани.

Четири нивоа на целни групи. Од гледна точка на ефективна обука, од суштинско значење е јасно да се идентификуваат целните групи за секоја обука. Постојат неколку нивоа на целни групи кои работат на заштитата на природата. Нивото на знаење, потребата и користењето на информациите, интересите меѓу засегнатите страни и тн, се разликуваат меѓу луѓето кои работат со заштитата на природата и оние кои припаѓаат на поголемите групи на засегнати страни, што најмногу е видливо на локално ниво каде што постојат голем број на организации, компании, претприемачи, екологисти, сопственици на земјиште и други, кои имаат многу различни интереси во заштитените подрачја во нивната непосредна близина

Од аспект на заштитата на природата, целните групи може генерално да се поделат на четири нивоа, но сепак треба да се има на ум дека за одредени обуки корисно е да се мешаат нивоата и групите за да се зголеми инволвираноста и да се подобрат дискусиите.

Нивоата се:

1. Раководители и експерти за заштитените подрачја: Вработените во администрациите на заштитените подрачја, вклучувајќи ги одделенијата за животна средина во општините, научниците од научните институти, Научниот совет на ЗП, еколошките невладини организации на национално ниво.
2. Локални засегнати страни: Совет на засегнати страни на ЗП, локални организации, претприемачи, невладини организации и луѓе кои се заинтересирани за развојот на заштитените подрачја.
3. Други институции на локално ниво: Општински администрации (освен администрацијата на ЗП), подрачни единици (локални ограноци) на владини институции
4. Државни институции: министерства и јавни претпријатија

Во рамките на горенаведените нивоа, обуката, се разбира, ќе се однесува на оние службеници и други лица кои се заинтересирани за добивање на повеќе информации, поради нивната работа, живот, хоби, или било која друга причина. Пристапот во овој план за обука е креиран врз основа на проценетите или потребите на луѓето на овие четири нивоа, сепак, ставајќи акцент на директно засегнатите.

Да се интензивира хоризонталната соработка со другите сектори во општеството. Во едно работно опкружување што брзо се менува, како што е ова опишано погоре, постојано се јавуваат нови потреби за промени во заштитата на природата, кои неизбежно, главно преку искористување на земјиштето, влијаат врз работата на другите администрации и економски дејности, како што се земјоделството, шумарството, пасиштата, ловот, просторно планирање, производството и трансферот на енергија и тн. Јасно е дека администрацијата за заштита на природата, со малкуте ресурси кои ги поседува, не може сите овие засегнати страни постојано да ги информира и обучува за прашањата поврзани со заштитата на природата. Затоа, потребна е хоризонтална соработка меѓу администрациите.

Проектот финансиран од ЕУ "Зајакнување на капацитетите за имплементација на Натура 2000" организираше серија обуки за спроведување на Директивите за живеалишта и птици. Обуките беа организирани како "Обука за обучувачи", а вкупно 23 лица од повеќе различни сектори, вклучувајќи ги и невладините организации, присуствуваа на овие детални работилници во 2016 година. На овие лица сега повторно би им била потребна обука за освежување на знаењата, заедно со план за дисиминација на информациите во нивните организациии. Исто

така, би било препорачливо да се продолжат програмите за Обука на обучувачи во нови области.

Во овој момент, кога сѐуште има време до членството во ЕУ, треба да се искористи ситуацијата за поубаво да се проучат директивите, така што сите администрации и засегнати страни ќе бидат подготвени да ги исполнат новите барања за заштита на природата во Македонија како земја-членка на ЕУ. Секако, за да се спроведе ова треба да постои соодветно наменско финансирање

Да се инволвираат засегнатите страни како групи со различни интереси. Во овој план засегнатите страни се инволвирани како групи на лица или организации кои имаат свои интереси во заштитата на природата и развивањето на ЗП. Идентификувањето и анализата на засегнатите страни и комуникацијата со нив во различни ситуации е презентирана во „Планот за вклучување на засегнатите страни", којшто е подготвен од страна на овој Проект.

Засегнатите страни не се лесна група кога станува збор за обуките, независно дали на нив се гледа како на група лица или организации со посебен интерес за некое ЗП или општ интерес во ЗП. Како и да, Советот на засегнатите страни, откако ќе биде функционален, може да прерасне во многу корисна алатка. Тој може да работи на проценка на потребите и интересите на засегнатите страни кои ги застапува. Советот, заедно со администрацијата на ЗП може да врши дисиминација на информации, на пример, преку организирање на обуки. Освен тоа, преку контакти со членовите на Советот може потребите и желбите на населението да се пренесат до администрацијата на ЗП.

Досега, еден од предизвиците во работата на Советот е да се вклучат и активираат членовите на Советот да ја преземат улогата на претставници на нивните матични организации. За време на подготовката на Планот за вклучување на засегнатите страни беше забележано дека најголем број од 36-те организации кои беа интервјуирани покажаа интерес да дознаат нешто повеќе за НП Пелистер и СП Преспанското Езеро и за тоа како овие ЗП ќе се развиваат во иднина. Поради некоја причина, ваквиот интерес сѐуште не наиде на слух кај Советот на засегнати страни. Во таа насока дадени се неколку препораки во Планот за вклучување на засегнати страни, за тоа како може работата на Советот да се подобри и интензивира.

## 5. Препораки за технички аспекти на имплементација

Подготовка на обуки. За успешна обука се потребни внимателни подготовки. Учесниците и говорниците мора да се стекнат со впечаток дека се добредојдени и очекувани од страна на организаторите, што означува добар почеток за учење.

Дури и да се познати следниве препораки за голем дел од администрацијата, сепак вреди да се повторат некои важни детали.

| | |
|---|---|
| **Подготовка на програмата** | Важно е програмата внимателно да се подготви. Организаторот најчесто предлага теми за говорниците, или ги дискутира со нив за да може темите и самите говорници подобро и навреме да се подготват. Кога ќе се подготви програмата, таа се испраќа заедно со поканата до целната група, а се доставува како информација и до другите потенцијални учесници. Програмата е првиот репер за квалитетот на подготовката и фактор кој влијае врз атрактивноста на настанот за потенцијалните учесници. |
| **Карактерот на обуката** | Во заштитата на природата, како најчест вид на обукасе јавуваат работилниците. Тие најчесто се состојат од презентации, дискусии и работа во групи. Теренските патувања се добар додаток, ако е можно истите да се организираат. Доколку се организираат патувања на терен, учесниците треба да бидат информирани за носење на соодветна облека (чевли, топла облека итн.). Работилниците се препорачуваат за мали и средни групи. Во случај на поголема публика, често се прават семинари со предавања и кратки дискусии. |
| **Избор на говорници** | Препорачливо е да се поканат барем 3 различни говорници за време на една работилница. Изборот на интересен клучен говорник ќе биде додадена вредност за настанот. |
| **Информирање за обуката** | Не смее да се изостави важноста на доставувањето на информациии однапред. Исто така и доставувањето на покани за учесниците треба да биде направено соодветно и навремено, со испраќање на поканата и прелиминарната програма до целната група, но и до други потенцијално заинтересирани учесници и објавување на истите на релевантна веб страна. Пријавувањето за обука однапред е корисно и го олеснува организирањето, но ја зајакнува и заложбата на учесниците. |
| **Место** | Просторијата треба да биде доволно голема за да им овозможи на учесниците да се чувствуваат удобно и да се фокусираат на програмата и презентациите. Прожекторот е задолжителна опрема. Поставувањето на ознаки со имиња и дистрибуирањето на програмата ќе додаде на вредноста на настанот. |

| | |
|---|---|
| **Отворање, тек на обука, паузи и затворање** | Најчесто настанот го отвора еден од клучните говорници. На настани од високо ниво тоа е најчесто некое лице кое е на висока позиција на национално или локално ниво. Доколу истите останат и по завршувањето на поздравниот говор, тоа секако ќе му даде уште поголема важност на настанот. Модераторот на настанот го надгледува целиот тек и ја следи програмата, па затоа тој/таа треба однапред добро да бидат подготвени.<br>Потребно е да се практикуваат почести паузи, а истите се и добра прилика за рамена помеѓу учесниците. Препорачливо е паузите да бидат 20-30 минути и да вклучуваат некакви освежителни пијалоци, доколку е можно.<br>Затворањето на настанот (или денот) е подеднакво важно како и отворањето. Модераторот или организаторот може да го искористат овој момент за да направи резиме на наученото. |
| **Теренски патувања** | Теренските патувања се неопходни или барем интересен дел од програмата ако темата е од областа на заштитата на природата и практичните мерки за управување. Локациите кои треба да се посетат мора да бидат добро избрани, а местото правилно да се подготви однапред. Понатаму, треба да се обезбеди превоз и освежителни пијалоци, кои исто така се клучен дел од патувањето на терен. |
| **Материјали за обука** | Препорачливо е да се побара од говорниците да достават копија од нивната презентација однапред, за истите да бидат копирани и дистрибуирани на настанот. Доколку не се достапни однапред, презентациите треба да бидат дистрибуирани за време на настанот. Особено, кога се работи за важни теми (како што се на пример, содржината на директивите, карактеристиките на значајни видови или живеалишта - или сличен материјал со многу важни факти и детали), потребно е презентациите да се достават во целост, а не само како резиме. Организаторот, исто така може да побара дозвола од презентерите да ги користи материјалите или делови од истите за други обуки. Ако е можно, би било подобро истите да се во Power Point формат, отколку во PDF за подетален преглед.<br>Доколку материјалот за обука не се дистрибуира до учесниците на самиот настан, тогаш треба да се достави преку е-пошта или преку други сервиси за електронско симнување на материјали. Би било добро да постои некаква веб-страница за обуки, која на пример, би ја одржувало МЖСПП, и каде што би се собирале и преземале материјалите за обука. |

# 6. Цели на овој план за обука

Овој план за обука ги содржи следниве општи цели:

- Да се подготват вработените во ЗП и општеството како целина за спроведувањето на барањата од членството во ЕУ и новите задачи, обврски, надлежности и можности за заштита на природата, а како резултат на измените во законодавството и практиките, како и да се подигне свеста за овие промени меѓу целните групи
- Да се зајакне пристапот на взаемно учење со засегнатите страни и да се изгради заедничко разбирање и посветеност кон заштитата на природата

Модули на обука. За постигнување на општите цели, овој план за обука предлага вкупно 41 теми за обука или модули, групирани според две подрачја:

А. Спроведување на Директивите за живеалишта и птици

Б. Инвентаризација, мониторингот и планирање на управувањето во заштитените подрачја и подрачјата на Натура 2000

Повеќето од модулите можат да се изработат како предлог проекти. Доколку се создадат услови, истите би можеле да се искористат, на пример, како обуки на локално ниво организирани од министерството, администрациите на заштитените подрачја, засегнатите страни или локални активисти.

# 7. Две главни подрачја

Фокусот во овој план е на следните подрачја:

- Спроведување на Директивите за живеалишта и птици
- Инвентаризација, мониторинг и планирање на управувањето во заштитените подрачја и Натура 2000 подрачјата

